Врз основа на на член 106 и член 108 од Законот за основното образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр.161/2019), како и и Записник број 02-661/1, од седницата на Училишниот одбор на ООУ „Љубен Лапе“, Општина Аеродром, Скопје, одржана на 25 јули 2022 година, Училишниот одбор ја донесе следната:

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
ЉУБЕН ЛАПЕ
Бр. 03-663/2
15.08 2022 год.
Аеродром-Скопје

**ОДЛУКА**

**За Годишен извештај за работа и постигнати резултати на училиштето во учебната 2021/202 година**

**Член 1**

Согласно Записникот број 02-661/1, од седницата на Училишниот одбор на ООУ „Љубен Лапе“, Општина Аеродром, Скопје, одржана на 25 јули 2022 година, училишниот одбор донесе Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа и постигнати резултати на ООУ „Љубен Лапе“, Општина Аеродром, Скопје во учебната 2021/2022 година.

**Член 2**

Годишен извештај за работа и постигнати резултати на ООУ „Љубен Лапе“, Општина Аеродром, Скопје во учебната 2021/2022 година, е даден во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука за усвојување на Годишен извештај за работа и постигнати резултати на ООУ „Љубен Лапе“, Општина Аеродром, Скопје во учебната 2021/2022 година, влегува во сила со денот на донесувањето

Училишниот одбор со мнозинство гласови го усвои Извештајот за работата на ООУ „Љубен Лапе“, за учебната 2021-2022 година, односно „ЗА“ гласаа 4 (четири) члена. Претседателот на Училишниот одбор, Филип Димевски и членовите на Училишниот одбор, Маја Ивановска и Дејан Јакимовски гласаа „ПРОТИВ“ (3 гласа).Ниту еден глас „воздржан“.

**Образложение**

Врз основа на на член 106 и член 108 од Законот за основното образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр.161/2019), изготвувањето на овој извештај има нормативна основа која е предвидена со Законот за основно образование како и Статутот на училиштето. Изготвување е потреба на училиштето што ќе се користи во понатамошната работа.

Извештајот претставува документ што ги содржи сите важни информации за оценка на работата на училиштето и реализацијата на Годишната програма за работа во учебната 2021/22 година. Тој во суштина писмено ја изразува ангажираноста на училиштето (директорот, стручните соработници и наставниците) во остварувањето на дејноста на училиштето.

Имајќи ги предвид реформските промени, подигањето на стандардите, планираните подрачја и приоритетни активности предвидени со Годишната програма за работа, значајните настани, обезбедувањето транспарентност во реализација на планиранитеактивности, како и желбата да се унапреди воспитно -образовниот процес,

Информациите во извештајот се методолошки и хронолошки подредени според подрачјата предвидени во Годишната програма за работа на училиштето и главно се однесуваат на следните процеси: просторни и други услови на работа, реализација на наставни планови и програми, постигања на учениците во сите наставни и вонnаставни области, соработка со родителите и локалната средина, соработка со други институции, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар, Државниот просветен инспекторат, Невладини организации, реализација на интерни и екстерни проекти и др.

Во извештајот квантитативно и квалитативно се претставени ангажирањата на наставниците и стручните соработници ворамките на нивната 40 - часовна работна седмица и токму поради тоа тој содржи факти и информации од аспект на: ангажирање на наставниците во реализацијата на наставата, реализација на воннаставни активности, натпревари, слободни ученички активности, екскурзии, излети, посети и друго.

Реализацијата на други посебни програми од воспитно – образовниот процес: Грижа за здравјето на учениците, Заштита на животната средина, Општествено - корисна и хуманитарна работа, ангажирање на наставниот кадар при реализација на програмите на ученичките организации: Одделенска заедница, детска организација, Училишна заедница, Училишен парламент, Училишен клуб на Црвен Крст, ученички клубови, спортски клуб и друго.


Општинско основно училиште „Љубен Лапе“ Општина Аеродром, Скопје
Ул. Васко Карангелески, бр.2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
+389 2 2452091www.oouljubenlape.edu.mk
ljuben_lape@yahoo.com
CamScanner

Ангажирање на наставниците и стручните соработници во работата на училишни тимови и стручните органи: одделенско раководство, Одделенски совети, Стручни активи, Наставнички совет., реализација на програмите на Совет на родители и Училишен одбор.

Стручно усовршување и професионален развој на наставниот кадар, реализација на програмата за соработка со родителите., соработка на училиштето со локалната средина, односно соработка со: локалната самоуправа, Министерство за образование и наука, БРО, ДПИ и ДИЦ, невладини организации, бизнис заедница, соработка со други училишта, здравствени институции, Меѓуопштински центар за социјална работа, Полициска станица Аеродром, МВР и други институции и организации,.

Реализацијата на програмите за унапредување на наставата и оценувањето, на програмите на стручните соработници, ангажирање на наставниците и стручните соработници воафирмација на училиштето и градење на неговиот имиџ.

Соглано наведеното Училишниот Одбор на ООУ „Љубен Лапе“ донесе донесе Одлука како во диспозитивот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Училишен одбор на
ООУ „Љубен Лапе“
Општина Аеродром-Скопје,

Филип Димевски


Општинско основно училиште
„Љубен Лапе“
Општина Аеродром, Скопје

Ул. Васко Карангелески, бр.2,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

+389 2
2452091www.oouljubenlape.edu.m
k
ljuben_lape@yahoo.com